Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 01 - 503/8
30. 11. 2022 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), Градоначалникот на Општина Градско, на ден 30.11.2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Градско

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско бр. 01-509/1 од 04.08.2022 година.

### Член 2

Во глава **III. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА,** член 17 се менува и гласи:

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно-техничките лица, во областа на превоз и опрема се:

- За ниво А1 – Шеф на возен парк:

**а) Стручни квалификации:**

- Најмалку средно образование

б) положен возачки испит Б и/или Ц категорија;

**в) Работно искуство:**

- 3 години работно искуство во струката.

### Член 3

Во глава **IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГРАДСКО** во точка **1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**, по работното место со реден број „15“, „ Самостоен референт - архивар “ со шифра: УПР 01 01 Г01 000 се додава ново работно место со реден број „15-а“, кое гласи:

| **1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
|---|---|
| **Реден број** | 15-а |
| **Шифра** | УПР 04 03 А01 001 |
| **Ниво** | А1 |
| **Звање** | Шеф на возен парк |
| **Назив на работно место** | **Шеф на возен парк** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | Возачка категорија –Б и/или Ц категорија |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | Активен превоз на Градоначалникот, совесно користење и одржување на општинските возила |
| **Работни задачи и обврски** | - врши превоз за службени потреби на Градоначалникот и администрацијата со моторните возила сопственост на Општината;<br>- одговорен е и се грижи за правилно користење на патничките возила;<br>- одговорен е и се грижи за техничката исправност на возилата;<br>- врши контрола и е одговорен за правилно користење на задолженото гориво на општинските возила наспроти поминатата километража со општинските возила;<br>- врши организирање на превоз за потребите на Градоначалникот, Претседателот и членовите на Советот и вработените во општината за службени потреби;<br>- координира односно врши регистрација на службените возила. |

**Член 4**

Во глава **IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГРАДСКО** во точка **1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности,** работното место со реден број „16", „ Возач II " во делот Број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1".

**Член 5**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Градско , како составен дел на Правилникот.

**Член 6**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Архивски број 01-509/8
Датум 30.11.2022 година

Градоначалник
на Општина Градско
Киро Нацков